ЕСЕ
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
ул. Максим Горки 20/1-4,
1000 Скопје, Р. Македонија
• Тел. 02 3298 295
• Факс 02 3211 453
esem@esem.org.mk
administration@esem.org.mk
www.esem.org.mk

**До:**

**Претседателот на Влада на Р. С. Македонија**

**Главен координативен кризен штаб**

**Министер за здравство**

**Предмет: Одговор по даденото мислење од страна на Министерството за здравство**

**Врска: Број на Министерство за здравство 17-3344/1 од 23.04.2020**

Почитувани,

Со нашето барање сакавме да ја потенцираме потребата Владата, Кризниот штаб и Министерството за здравство да подготват посебен план за заштита на населението од епидемијата со КОВИД-19 за лица кои живеат со супстандарни живеалишта и населби. Со цел навремено да се превенира ширењето на болеста во овие населби, меѓутоа и државата да биде соодветно подготвена навремено да одговори на потребите на ова население доколку се појават заболени лица во ваквите населби.

При тоа потенцираме дека нашето барање не е барање за **фаворизација** на одредени групи од населението, туку повикуваме на почитувањето на принципот на **правичност (Equity)** во обезбедувањето на здравствената заштита. Концептот на правичност (Equity) е препознаен од Обединетите Нации и Светската Здравствена организација, како главен предуслов за надминување на нееднаквостите во општеството и обезбедување на здравствена заштита на секој човек во државата. Овој концепт подразбира дека различни групи од населението имаат различни потреби, како и дека државите се должни да спроведат специфични здравствени услуги за маргинализираните и ранливите групи од населението со цел да го унапредат нивното здравје. Концептот на правичност (Equity) особено ја добива својата важност во услови на здравствена и социјална непогода, како што е епидемијата со КОВИД-19.

Ги поставуваме отворено до вас следните прашања:

– Како луѓето ќе ја почитуваат препораката за миење на рацете, ако немаат чиста проточна вода во домот?

- Како луѓето ќе обезбедат грижа за заболено лице во домашни услови, со соодветна физичка дистанца, ако живеат 5-6 члена во заеднички субстандарден простор од 30 метри квадратни?
- Како луѓето, чии член од семејството е лице заболено или починато од Ковид 19 ќе ја почитуваат наредбата за само-изолација, ако живеат во импровизирано живеалиште, без врати и прозорци и го делат дворниот простор со повеќе семејства?
- Како најсиромашните лица од Шуто Оризари, Делчево и останати места кои не се во можност да платат превоз, ќе отидат да се тестираат во друга општина, бидејќи не можат да се тестираат во своето место на живеење? Дури и да можат да платат, можат да си дозволат само јавен превоз, со што се загрозува јавното здравје на населението
- Како најсиромашните лица ќе се јават на телефон кај својот матичен лекар за да закажат тестирање, или на телефон за психолошка поддршка, кога немаат средства да го платат телефонскиот разговор?
- Како лицата без образование, или лицата кои немаат струја во домовите, кои немаат интернет ќе ги дознаат најважните информации поврзани со превенција и со главните симптоми на Ковид-19, за да можат да се заштитат и навремено да ги препознаат симптомите на болеста? Тие лица информацијата, како и основни здравствени услуги треба да добијат на разбирлив јазик во своите заедници.
- Како сиромашните лица кои немаат парични средства да купат средства за дезинфекција, ќе можат да ги дезинфицираат заедничките простори за живеење со други лица, како што се заедничките дворни места и слично.

Евидентно е дека епидемијата и кризната состојба различно ги погодуваат различните групи од населението, со што до израз доаѓаат нееднаквостите во општеството. Државата е должна да одговори на потребите на сите свои граѓани, притоа да препознае дека различни групи од населението имаат различни потреби и дека општите мерки за превенција и заштита од Ковид -19 не се доволни да одговорат на потребите на сите граѓани.

РЕАКЦИЈАТА Е ПОДДРЖАНА ОД:

1. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје
2. Здружение за развој и унапредување на ромската заедница - Романо Чачипе, Шуто Оризари
3. Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ, Шуто Оризари
4. Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. – Прилеп

5. ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје
6. Иницијативата на жените од Шуто Оризари, Скопје
7. Здружение Национален Ромски Центар – НРЦ, Куманово
8. НВО КХАМ, Делчево
9. Асоцијација за демократски развој на Ромите - СОНЦЕ, Тетово
10. Здружение ЛИЛ, Скопје
11. Фондација ИДЕА Југоисточна Европа, Скопје

Работата на Здруженијата на граѓани во областа на правата на Ромите е поддржана од Фондацијата Отворено општество - Македонија

Лица за контакт:

1. Борјан Павловски, е-маил: bpavlovski@esem.org.mk, Тел: 070/268-714
2. Дарко Антиќ, е-маил: dantik@esem.org.mk, Тел: 078/260-819

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

ул. Максим Горки бр. 20/1-4